*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКРЕТАР*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 11-9855/7
Датум: 27.12.2018 год.
Скопје

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија "бр. 5/02 ) и член 21 од Законот за работните односи ( " Службен весник на Република Македонија " бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 ), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за извршител**
**на работно место - Хигиеничар**

1. За извршител за работното место бр. 1 УПР0405А02001 – Хигиеничар во Одделението за помошни, во Секторот за поддршка на Градоначалникот, се избира кандидатот **Силвана Ивановска** од Скопје.

2. Именуваниот од точка 1 од оваа одлука ќе биде вработен на работното место по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Јавнот оглас објавен во дневните весници "Коха " на 12.12.2018 година и "Слободен печат" на 13.12.2018 година за вработување на работник на неопределено време за работно место – Хигиеничар, Комисијата за спроведување на селекција на кандидатите за прием на работници, формирана со Решение бр.11-9855/3 од 17.12.2018 година, со пријавениот кандидат на 27.12.2018 година спроведе интервју.

Притоа, врз основа на доставените документи од страна на кандидатот за исполнување на општите услови за вработување и спроведеното интервју, Комисија изготви предлог, кој што со Записник бр. 04-9855/6 од 27.12.2018 година го достави до Градоначалникот на Општина Карпош.
Врз основа на предлогот даден во споменатиот записник, се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.
**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Карпош, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стефан Богоев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ